Socialistična republika Slovenija VRHOVNO SODIŠČE 2 LJUBLJANA
Д. 3.10.69.
2155 Централна правосудна книжница Врховног содишча СР Словеније ЉУБЉАНА ул."Товчарјева" бр.9
2

# СЛУЖБ[ЕН ВЕСНИК]
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.**

**Среда, 24 септември 1969**
**Скопје**
**Број 33 Год. XXV**

**Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16**

**289.**

Врз основа на член 42 од Законот за високото школство на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65) и член 18 од Статутот на Електро-машинскиот факултет во Скопје, Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Електро-машинскиот факултет во Скопје:

— БОРИС ЈОСИФОВСКИ, помошник директор во Фабриката за цемент „Усје“ во Скопје;

— ДРАГИ СТОЈАНОВСКИ, управник на машински погон во Електро-металуршкиот погон „Југохром“ во Јегуновце;

— АЛЕКСАНДАР СИЛЈАНОВСКИ, машински инженер во Фабриката за фрижидери „Ѓорѓи Наумов“ во Битола.

II. За членови на Советот на Електро-машинскиот факултет во Скопје, со мандат од две години се именуваат:

— ДИМИТАР СТАМБОЛИЕВ, инженер во Металскиот завод „Тито“ во Скопје;

— КОСТА КОСТОВ, општествен работник во Градскиот комитет на СКМ Скопје, и

— ТОМИСЛАВ ЗОЈЧЕВСКИ, инженер во Претпријатието „Раде Кончар“ погон во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-2042/1
9. септември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

**290.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за усогласување на прописите за одделни установи основани од републички органи („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65) и точка 6 од Уредбата за продолжување со работа на Фолклорниот институт како научна установа („Службен весник на СРМ“, бр. 41/62), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Институтот за фолклор во Скопје:

1. МИЛОШ КОНСТАНТИНОВ, директор на Градскиот архив во Скопје;

2. ГЕГО ЏЕВАТ, редактор во Редакцијата „Флака е влазнимит“ во Скопје.

II. За членови на Советот на Институтот за фолклор во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— РАДА ПЕТРОВА—МАЛКИЌ, костимограф во Народниот театар во Скопје;

— д-р ТОДОР ДИМИТРОВСКИ, научен соработник во Институтот за македонски јазик во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-2503/1
9 септември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

**291.**

Врз основа на член 89 од Законот за гимназијата („Службен весник на СРМ“, бр. 31/65), републичкиот секретар за образование, наука и култура донесува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РОКОВИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕТО НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ ВО ГИМНАЗИЈАТА

Член 1

Завршниот испит во гимназијата (член 86 од Законот за гимназијата) се полага во роковите определени со овој правилник.

Член 2

Завршниот испит во гимназијата се полага во четири редовни испитни рокови годишно и тоа: јунски, августовски, октомвриски и јануарски.

Член 3

До донесувањето на посебни прописи за роковите на полагањето на завршните испити во стручните и уметничките училишта, одредбите од претходниот член на овој правилник сходно ќе се применуваат и на роковите за полагањето на завршните испити во тие училишта.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 07-2589/1
16 септември 1969 година
Скопје

Републички секретар
за образование, наука и култура,
**Томислав Чокревски,** с. р.

И С П Р А В К А

**НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ ВО РУДАРСТВОТО**

Во точката I на решението на Извршниот совет број 15-1058/1 од 19 мај 1969 година („Службен весник на СРМ", бр. 22/69), по алинеја четврта треба да стои алинеја петта која гласи:

„— инж. МИХАЈЛО ШИШКОВСКИ"

Точката II на решението треба да гласи:

„За членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството, со мандат од четири години, се именуваат".

Од Извршниот совет, Скопје, 5 септември 1969 година.

## Службени објави

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство во смисла на член 9 став 3 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал, објавува дека во Регистарот на производители на саден материјал се запишани следните организации:

I — За овоштарство:

— Земјоделско-индустрискиот комбинат Тетово-погон „Вардар" с. Брвеница, рег. број 16, страна 16, книга I, решение број 10—95/13 од 3. VII. 1969 година.

II — За лозарство:

— Земјоделското стопанство „Градинар" — Охрид, рег. број 10 страна 10, книга II, решение број 10-1552 од 28. VIII. 1969 година.

III — За шумарство:

— Шумско-индустрискиот комбинат „Беласица" — Струмица, рег. број 15, страна 15, книга III, решение број 10-УП/10-36 од 28. VIII. 1969 година.

— Шумско-индустрискиот комбинат „Борис Кидрич" — Кочани, рег. број 16, страна 16, книга III, решение број 09-УП/10-37 од 5. IX. 1969 година.

Од Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работни организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на производители на семе се запишува работната организација:

— Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн Бор" — Прилеп, за производство на шумско семе. Рег. број 50, страна 50, книга III, решение број 09-УП-10-27/2 од 5. IX. 1969 година.

Од Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на доработувачи на семе е запишана следната организација:

— Агрокомбинатот Малешевска слива" — Берово, за доработка на семенски компир, рег. број 40, страна 40, книга I, решение број УП/10-26/2 од 3. VII. 1969 година.

Од Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство

ОБЈАВА ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 11 став 2 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал, објавува дека од Регистарот на производители на саден материјал се брише следната организација:

— Овошниот расадник „Цветан Димов" Горно Лисиче — Скопје, за производство на овошен саден материјал. Рег. број 9, страна 9, книга I, решение број 10-2/2 од 7. IV. 1969 година.

Од Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство

# Прописи на општинските собранија

**СОБРАНИЕ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ**

**51.**

Врз основа на членот 1 од Основниот закон за придонесот за користење на градско земјиште („Службен лист на СФРЈ" бр. 51/67), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 27. јуни 1969 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ ГРАДСКО ЗЕМЈИШТЕ**

Член 1

Со оваа одлука се воведува придонес за користење градско земјиште на подрачјето на град Кавадарци со населбите Ваташа и Глишиќ и комунално оспособеното земјиште во границите на подрачјето опфатено со урбанистичкиот план на град Кавадарци.

Член 2

Придонесот за користење на градско земјиште е приход на фондот за комунална изградба на општината и ќе се употреби само за уредување на земјиштето и за друга комунална изградба која придонесува за попогодно користење на тоа земјиште.

Општинскиот фонд за комунална изградба е должен секоја година да изготвува годишна програма за користење на средствата и да им поднесува на Општинското собрание и на собирите на избирачите извештај за извршувањето на програмата.

Член 3

Придонес за користење на градско земјиште не се плаќа:

1) во случаите предвидени во член 3 од Основниот закон за придонесот за користење на градско земјиште;

2) за земјиште на кое се изградени или е предвидена изградба на фискултурни, социјални, здравствени и просветни објекти;

3) за земјиште на кое се изградени комунални објекти (водовод, канализација, осветление и телефон, јавни патишта, улици, плоштади, тротоари, паркиралишта и автобуска станица);

4) за уредени парковски и рекреативни површини што се наоѓаат во рамките на локацијата на работните организации и на станбени згради од општествена сопственост;

5) за земјиште кое служи за депонии на ѓубре;

6) за неизградено градско земјиште во општествена сопственост на општината;

7) за згради што ги користат лица кои примаат стална социјална помош.

Член 4

Висината на придонесот се утврдува во три категории во зависност од погодноста што земјиштето ја дава на корисникот (положбата на земјиштето, сообраќајната поврзаност со центарот, снабденоста со комунални објекти и уреди, рационалноста за користењето и др.).

Категориите од претходниот став се утврдуваат според зоните на кои е поделен потесниот градежен реон на град Кавадарци.

Член 5

Придонесот за користење на градско земјиште за еден м$^2$ изнесува:

1. За корисниците на станбен простор нето — станбена површина:

| | |
|---|---|
| а) Прва зона | 0,12 динари |
| б) Втора зона | 0,10 динари |
| в) Трета зона | 0,08 динари |

2. За корисниците на деловни простории, магазини и гаражи за сите категории 0,20 динари.

3. За користење на плацеви:

а) За стоваришта 0,20 динари;

б) За стопански дворишта на сите работни организации 0,05 дин.

Висината на придонесот од претходниот став на овој член е определена за месечно пресметување.

Член 6

Наплатата на придонесот ќе ја врши Одделението за приходи при Собранието на општината Кавадарци.

Извршителите на наплатата од претходниот став наплатата ќе ја вршат според решението на општинскиот орган на управата надлежен за станбено-комунални работи.

Член 7

Ако обврзниците не го платат придонесот во определениот рок наплатата ќе се изврши по присилен пат во постапка што е пропишана за присилна наплата на даноците и другите буџетски приходи.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-3218
27-VI-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**52.**

Врз основа на член 247 и 51 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 27-VI-1969 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ**

Член 1

Во Одлуката за општински придонеси и даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 2/69) во членот 13 ст. 1 се додава нова алинеа 5 која гласи:

„— за помал обем на работа."

Член 2

Во членот 24 став 1 алинеата 5 се брише.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1-I-1969 година.

Број 01-3223
27-VI-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**53.**

Врз основа на член 7б во составот на членот 4 од Законот за измени и дополненија на законот за судските такси („Службен лист на СФРЈ" бр. 10/65) и член 247 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 27-VI-1969 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПШТИНСКИ СУДСКИ ТАКСИ**

Член 1

Општинските судски такси се плаќаат во постапка пред Општинскиот суд во Кавадарци според одредбите на Основниот закон за судските такси, одредбите на оваа одлука и таксената тарифа која е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Вредноста заради наплата на таксата (таксена основица) ќе се утврдува според одредбите на членот 17 до 37 од Основниот закон за судски такси до колку со одредбите на оваа одлука не е поинаку определено.

Член 3

Во споровите во кои предмет на спорот е извршување на некое дејствие, нечинење, изјава на волја, утврдување дали постои или не постои некое право или правен однос, да се утврди вистината или невистината на некоја неправда, како таксена основица се зема износот означен од тужителот во тужбата, но тој износ не може да биде помал од 500 динари.

Член 4

Во другите спорови како основица таксена се зема:

1. Во спорови за отказ на договор за наем или закуп на предмети износ од 500 динари;

2. Во спорови за отказ на договор за закуп на деловни простории или по тужби за иселување или за отказ на договор за користење на стан, едногодишен износ на закупнината односно станарината;

3. Во спорови поради смеќавање на владение — износ од 500 динари;

4. Во спорови заради чување и воспитување на деца, износ од 100 динари;

5. Во спорови заради стварни и лични службености и за доживотно издржување, износ од 400 динари;

6. Во спорови заради утврдување редот на првенството на побарувањата во извршната постапка — износот во висина на побарувањето, но не во износ поголем од 2.000 динари.

Член 5

Ако во постапката се бара осигурување на докази пред отпочнувањето на постапката како таксена основица се зема износ од 500 дин.

Член 6

Ако според претходните одредби не може да се утврди таксена основица, ќе се наплатува такса во износ од 500 динари.

Член 7

Во постапката заради извршување на барање за издржување на дете таксената основица не може да изнесува повеќе од 50 динари.

Член 8

Кога барателот на извршувањето не ја назначи вредноста на предметот заради наплатување на такса, ниту е таа утврдена според претходните одредби, таксената основица изнесува 500 динари.

**Преодни и завршни одредби**

Член 9

Ако таксената обврска за поднесоците, дејствијата и исправите настанале до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, таксата се плаќа по таксена тарифа предвидена со Основниот закон за судските такси.

Ако до влегувањето во сила на оваа одлука е платена такса за дејствие кое ќе се изврши по влегувањето во сила на оваа одлука, нема да се плаќа разлика помеѓу таксата предвидена со оваа одлука и таксата предвидена со Основниот закон за судските такси.

Член 10

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за судски такси бр. 01-3647 од 25-III-1965 година, („Службен гласник на општина Кавадарци“ бр. 1/65).

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-3224
27-VI-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**ТАКСЕНА ТАРИФА**

I. ПРОЦЕСНА И ИЗВРШНА ПОСТАПКА

**1. Поднесоци**

Тарифен бр. 1

(1). За тужба, за противтужба и за предлог за повторување на постапката се плаќа, според вредноста на предметот на спорот, следната такса:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до | 20 | динари вредност | 3 | дин |
| Над | 20 | „ | 50 | „ „ | 5 | „ |
| „ | 50 | „ | 100 | „ „ | 10 | „ |
| „ | 100 | „ | 200 | „ „ | 15 | „ |
| „ | 200 | „ | 500 | „ „ | 25 | „ |
| „ | 500 | „ | 1000 | „ „ | 50 | „ |
| „ | 1000 | „ | 2000 | „ „ | 75 | „ |
| „ | 2000 | „ | 3000 | „ „ | 100 | „ |
| „ | 3000 | „ | 4000 | „ „ | 125 | „ |
| „ | 4000 | „ | 5000 | „ „ | 150 | „ |
| „ | 5000 | „ | 50000 | „ „ | на секој динар над 5.000 динари уште 1,5% | |
| „ | 50000 | на секој динар на 50.000 дин. уште 1% а најмногу 20.000 динари. | | | | |

(2). За предлог да се допушти извршување или обезбедување на привремена мерка, за приговор против платен налог, за предлог за враќање во поранешна состојба, за предлог за обезбедување докази, за одговор на тужба и за одговор на жалба или ревизија, за приговор против налог за отказ на деловни простории, за отказ на договор за потстанарски односи или за тужба за иселување од потстанарски простории, за тужба поради смеќавање на владение од сустанарски однос, се плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој тар. број.

**Забелешка:**

1. За тужби во кои е ставен предлог за издавање платен налог се плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој тарифен број.

2. Ако поднесоците се примени на записник кај судот вклучувајќи ги и оние што се примени на записник во текот на расправата се плаќа такса предвидена за односниот поднесок. Нема да се наплатува посебна такса за препишување од тар. бр. ако записникот треба да се состави во повеќе примероци.

3. Кога веќе во тужбата е ставен предлог за издавање привремена мерка односно наредби или кога во жалбата се стави предлог за враќање во поранешна состојба, покрај таксата за тужба односно жалба се плаќа и такса за односниот предлог освен ако е предложено издавање на привремена мерка во споровите за издржување на деца.

4. За предлог да се дозволи извршување или да се издаде привремена мерка односно наредба се плаќа една такса и кога се предлагаат повеќе средства за извршување односно обезбедување, без оглед дали истовремено или дополнително.

5. Ако во некои од поднесоците наведени во овој тарифен број е ставено барање за упис во земјишните книги, ќе се постапи според забелешката 3 кон тар. бр. 25.

6. За предлог за обид на порамнување (чл. 313 од Законот за процесната постапка) се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број.

7. Отказ на деловна просторија се смета како тужба во однос на наплатувањето на таксата. За овој отказ се плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој тар. број.

8. За поднесоци што не се наведени во овој тар. број како и за прилози кон поднесоците не се плаќа такса.

**2. Одлуки**

Тарифен број 2

(1). За првостепена пресуда како и за решение во спорови поради смеќавање на владение се плаќа, према вредноста на предметот на спорот, таксата од ставот 1 на тар. број 1.

(2). За пресуда поради изостанок, како и за пресуда врз основа на признание донесена на подготвително рочиште односно на првото рочиште за главна расправа ако подготвително рочиште не е одржано, за пресуда во спорот за отказ на договор за потстанарски однос или во спорот за иселување од потстанарски простории и за решение во спорови поради смеќавање на владение од сустанарски однос плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој тар. број.

(3). За решение за отфрлување на тужба кое се донесува според членот 277 ст. 2 од Законот за процесната постапка или во текот на првостепената постапка, се плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој тар. број, но не повеќе од 50 динари.

(4). За решение за издавање платен налог се плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој тар. број.

(5). За решение по предлог за дозвола за извршување или обезбедување или привремена мерка односно наредба се плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој тар. број, а ако ова решение се донесува врз основа на странски извршни исправи полна такса од ставот 1 на овој тар. број.

(6). За решение со кое се усвојува или одбива предлог за враќање во поранешна состојба, се плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој тар. број, но не повеќе од 20 динари.

**Забелешка:**

1. Обврската за плаќање на такса за првостепена одлука не зависи од тоа дали одлуката станала правосилна.

2. За првостепените одлуки што не се заведени во овој тар. број не се плаќа такса.

3. Ако повисокиот суд ја укине одлуката на пониският суд и предметот го упати на повторно расправување на повисокиот суд, платената такса за укинатата одлука се засметува во таксата за новата одлука или за порамнување. Вака ќе се постапи и кога врховниот суд ќе го уважи барањето за заштита на законитоста (член 296 од Законот за процесната постапка). Исто така, ќе се засмета таксата платена за првостепена одлука што е укината по повод усвоениот предлог за враќање во поранешна состојба или на предлогот за повторување на постапката во таксата за новата одлука што ќе биде донесена по враќањето во поранешна состојба односно повторувањето на постапката. Во случај на засметувањето, ако таксата платена за првата одлука е поголема од таксата што треба да се плати за втората одлука, нема да се враќа разликата на овие такси.

4. За дополнителна пресуда или решение нема да се плаќа такса ако за одлуката што е дополнета е платена такса според полната вредност на спорот.

5. Ако во текот на парницата е донесена меѓупресуда, се плаќа такса на полниот износ на вредноста на предметот на спорот. Во таков случај нема да се плаќа такса за конечната одлука што ќе биде донесена по меѓупресудата.

6. Ако во текот на парницата е донесена делумна пресуда се плаќа такса според вредноста на барањето за кое е одлучено. Такса за конечна одлука се плаќа според вредноста на остатокот на спорниот предмет што не е опфатен со делумната пресуда.

7. Таксата за платен налог се засметува во таксата за одлуката на судот што ќе биде донесена по повод приговорот против платниот налог, односно во таксата за порамнување ако спорот не се заврши со пресуда.

8. Такса за одлука по предлог за дозвола на извршување односно обезбедување или привремена мерка односно наредба, како и такса за одлука по повод на тужба во која е ставен предлог за издавање платен налог (член 426 и 427 од Законот за процесната постапка), се плаќа при поднесувањето на предлогот односно тужбата.

9. Такса од ставот 3 на овој Тар. број не се плаќа за решение за отфрлување на тужба што ќе се донесе во текот на претходното испитување на тужбата (член 271 од Законот од процесната постапка).

10. Ако повеќе парници се споени заради заедничко расправување, такса за пресудата се плаќа посебно за секоја парница како да не постои соединување на повеќе парници.

**3. Порамнување**

Тарифен број 3

За судско порамнување во текот на првостепената постапка се плаќа, според вредноста на која странките се спогодиле, половина од таксата од ставот 1 на тар. број 2.

Забелешка:

1. Ако со меѓупресудата е одлучено за основата на барањето а потоа се склучи порамнување за износот на барањето, не се плаќа такса за порамнувањето.

2. За првиот препис од записникот за порамнување што ѝ се издава на странката на нејзино барање, не се плаќа такса.

3. За порамнување склучено според член 313 од Законот за процесната постапка, не се плаќа такса според овој тар. број.

4. Ако предметот на порамнувањето не е проценлив, за порамнувањето се плаќа 20 динари.

## II. ВОНПРОЦЕСНА ПОСТАПКА

### А. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Тарифен број 4

1) за предлог да се поведе постапка во вонпроцесна работа се плаќа 10 динари.

Забелешка:

1. Таксата од овој тар. број се плаќа во вонпроцесните постапки што не се предвидени во посебните одредби за одделни вонпроцесни постапки (Тар. број 7 до 25).

2. Во сите вонпроцесни постапки ќе се применуваат согласно со одредбите од забелешката 5 и 8 кон тар. број 1.

Тарифен број 5

За конечна одлука на првостепен суд во вонпроцесна работа се плаќа 10 динари.

Тарифен број 6

За судско порамнување во сите вонпроцесни работи се плаќа таксата предвидена во тар. број 3.

## Б. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ОДДЕЛНИ ВИДОВИ НА ВОНПРОЦЕСНА ПОСТАПКА

### 1. Постапка за расправување на оставина

Тарифен број 7

За расправување на оставината во првостепената постапка се плаќа само паушална такса според чистата вредност на оставината и тоа:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | до | 500 | динари | вредност | 20 дин. |
| над 500 | до | 1000 | „ | „ | 50 „ |
| „ 1000 | „ | 5000 | „ | „ | 100 „ |
| „ 5000 | „ | 10000 | „ | „ | 150 „ |
| „ 10000 | „ | 15000 | „ | „ | 200 „ |

на секој динар преку 15.000 уште 1% а најмногу 2.000 динари.

Забелешка:

1. Паушална такса се плаќа само тогаш ако оставинската постапка е завршена со донесување на решение за наследување.

2. Паушална такса се плаќа кога решението за наследување ќе стане правосилно, односно во рок од 15 дена од денот на доставувањето на налогот за плаќање на таксата според членот 38 став 3 од Основниот закон за судските такси.

3. Судот ја утврдува вредноста меродавно за одмерување на паушалната такса, по слободна оценка врз основа на изјавите на наследниците и податоците што тие ги донеле. По потреба, судот може да нареди да се изврши проценка преку вештаци на трошок на наследниците според одредбите за проценката на оставината со цел за одмерување на данокот на наследство. Вредноста на чистата оставина заради наплата на паушална такса се утврдува според вредноста што ја има оставината во времето на проценката.

4. Паушална такса плаќаат наследниците во соднос со наследните делови.

5. При утврдувањето на чистата вредност на оставината заради одмерување на паушална такса ќе се одбијат долговите на оставителот, трошоците за законот на оставителот, легатите и другите товари, трошоците за пописот и за проценката на оставината и другите трошоци.

6. Не се плаќа посебно такса за делба на наследство ако и за други поднесоци во текот на првостепената постапка, не се плаќа такса.

### 2. Составување и чување на тестамент

Тарифен број 8

1) За составување судски тестамент се плаќа 50 динари.

2) За чување на тестамент во судот се плаќа 20 динари.

3) За отповикување тестамент пред судот се плаќа 20 динари.

4) За враќање на тестамент кој се наоѓа на чување во судот се плаќа 5 динари.

Забелешка

1. Таксата од став 1 и 3 на овој тар. број се плаќа без оглед дали тестаментот е составен односно отповикан во судската зграда или надвор од судската зграда.

2. За чување на тестамент се плаќа такса ако тестаментот е составен во судот односно надвор од судската зграда. Не се плаќа нова такса за враќање на тестаментот што се заменува.

3. Не се плаќа такса за чување на исправи за усниот тестамент ниту за давање изјава на сведокот на усниот тестамент за последната волја на завештателот (член 168 од Законот за наследување.

4. Не се плаќа такса за отповикување ако со подоцнешниот тестамент се отповикува поранешниот и наедно се составува нов тестамент.

### 3. Постапка за прогласување на исчезнати лица за умрени и за докажување на смрт

Тарифен број 9

1) За поднесок со кој се бара прогласување за умрени или докажување на смрт се плаќа 10 динари.

Тарифен број 10

За одлуката на првостепен суд за предлогот се плаќа 10 динари.

Забелешка

Ако одлуката се однесува на лица исчезнати во војна, не се плаќа такса за одлуката на првостепениот суд, ниту пак таксата од претходниот тар. број.

### 4. Постапка за лишување од деловна способност

Тарифен број 11

За предлог некое лице наполно или делумно да се лиши од деловна способност, ако предлогот го поднесуваат роднини или брачниот другар на тоа лице се плаќа 5 динари.

Тарифен број 12

За одлука на првостепен суд за предлогот се плаќа динари.

### 5. Постапка за прогласување на дете за брачно

Тарифен број 13

1) За предлог врз основа на член 23 ст. 2 од Основниот закон за односите на родителите и децата да се прогласи дека детето е родено во брак се плаќа 5 динари.

2) За одлука на првостепен суд се плаќа 10 динари.

### 6. Постапка за лишување од родителско право

Тарифен број 14

За предлог родителот да се лиши од родителско право ако предлогот го поднесуваат родителите на тоа лице или другиот родител се плаќа 5 динари.

Тарифен број 15

За одлука на првостепен суд за предлогот се плаќа 5 динари.

### 7. Издавање дозвола за стапување во брак

Тарифен број 16

За предлог да се издаде дозвола за стапување во брак според членот 23 од Основниот закон за бракот се плаќа 20 динари.

Тарифен број 17

За одлука на првостепен суд се плаќа 20 динари.

### 8. Постапка за делба

Тарифен број 18

За предлог да се спроведе делба на заеднички имот се плаќа 30 динари.

Тарифен број 19

За одлука на првостепен суд се плаќа 50 динари.

**Забелешка:**

За делба во оставинска постапка не се плаќа таксата од тар. број 18 и 19 под условите наведени во забелешката 6 кон тар. број 7.

**9. Постапка за уредување на меѓи (граници)**

Тарифен број 20

За предлог за уредување на меѓи се плаќа 20 динари.

Тарифен број 21

За одлука на првостепен суд се плаќа 30 динари.

**10. Постапка за судско поништување на исправи (амортизација)**

Тарифен број 22

1) За предлог да се спроведе постапка за амортизација на исправи се плаќа 10 динари.

Тарифен број 23

1) За одлука на првостепен суд се плаќа такса според вредноста на исправите и тоа:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | до | 250 | дин. | вредност | 10 | динари |
| над | 250 „ | 500 | „ | „ | 15 | „ |
| „ | 500 „ | 1500 | „ | „ | 20 | „ |
| „ | 1500 „ | | „ | „ | 25 | „ |

2) Ако на исправката не е означена вредноста се плаќа 20 динари.

**Забелешка:**
Вредноста на исправата се определува според нејзината номинална вредност.

**11. Заверка на потписи, ракописи, преписи и преводи**

Тарифен број 24

1. За молба (писмена или усна) со која се бара заверка на потпис, ракописи или преписи се плаќа 1 динар.

2. За заверка на секој потпис (ракознак) се плаќа 2 динари.

3. За заверка на ракопис се плаќа од секој полутабак ракопис 3 динари.

4. За заверка на потпис на судски толкувач на преводи заради употреба во странство се плаќа 5 динари.

5. За заверка на потпис на полномошно се плаќа 4 динари.

6. За заверка на потпис на договори се плаќа и тоа:

1) За новосклучени договори чија вредност изнесува

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | до | 500 | динари | 4 |
| над | 500 | „ 1000 | „ | 10 |
| „ | 1000 | „ 2500 | „ | 20 |
| | | | на вишокот над 2500 дин. — 0,5% а најмногу 200 дин. | |

2) Ако вредноста на договорот не е проценлива — 10 динари.

3) За заверка на продолжувањето на рокот за важење на договорот — 50% од таксата од точката 1 (односно точката 2).

**Забелешка:**

1. Потписите на исправата што ја издава државен орган, фирма или правно лице се сметаат како еден потпис, ако со прописи или правила се овластени за отпишување две или повеќе лица.

2. За молба, со која се бара заверка на потпис или ракознак на исправка, се плаќа една такса без оглед колку потписи на исправата се заверуваат.

3. Кога странката ќе му предаде на судот во текот на постапката прост препис од исправа на кој судскиот службеник со свој потпис ќе потврди дека го видел оригиналот, за таква потврда не се плаќа такса.

4. Таксата за заверка на потпис, ракопис или препис ја плаќа лицето што бара заверка. Пред да се положи таксата не смее да се изврши заверката.

5. Во потврдата за заверка на препис треба да се назначи со колку такса е таксиран оригиналот на исправата чиј препис се заверува.

6. Такса за заверка на потпис, ракопис и препис се лепи на самата молба со која е барана заверка, а во случај на усна молба — на самата исправа односно на примерокот на преписот што останува кај судот. На ист начин се постапува и во поглед на лепењето на такса за самата молба.

7. За заверка на потпис и печат се плаќа една такса.

8. Ако со една молба се бара заверка на потпис на повеќе исправи или заверки на повеќе ракописи или преписи, се плаќа такса за молбата онолку пати колку што има исправи односно преписи или ракописи.

9. Како полутабак се подразбира лист хартија од две страни во нормална канцелариска големина. Започнат полутабак се смета како цел полутабак.

10. Таксата од ставот 7 на точка 1 од овој тар. број се плаќа на вредноста означена во договорот. Ако ја проценуваме вредноста на договорот, но не е означена, за заверка на потписот на договорот се плаќа двојна такса од ставот 7 на точката 2 од овој тар. број.

11. Ако се заверува препис на исправа пишувана на странски јазик, се плаќа двојна такса од ставот 4 на овој тар. број.

12. За заверка на потписи на полномошна од ставот 6 на овој тар. број и за заверка на потписи на договори од ставот 7 на овој тар. број се плаќа една такса, без оглед дали се заверува еден или повеќе потписи на полномошно односно договор и без оглед колку примероци на договорот се заверуваат.

13. За молбата со која се бара заверување на исправи потребни за остварување правата од социјално осигурување во странство како и за заверување на тие исправи не се плаќа такса.

## III. — УПИС ВО ИНТАБУЛАЦИОНИ, ЗАСТАВНИ И ТАПИСНИ КНИГИ

**1. Упис во интабулациони и заставни (хипотекарни) книги**

Тарифен број 25

1) За поднесок со кој се бара ставање или бришење на интабулација, над интабулација или прибелешка, односно упис на застава, на подрачјата каде што уште важат интабулационите и заставните книги се плаќа;

1) Ако вредноста на правото што треба да се запише или да се брише не преминува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Не преминува | 500 дин. | 10 дин. |
| над | 500 „ | 1000 „ | 15 „ |
| „ | 1000 „ | 5000 „ | 20 „ |
| „ | 5000 „ | „ | 25 „ |

2) Ако вредноста на правото што треба да се запише или да се брише не е проценлива, или ако се бара упис или бришење само на забелешка 5 динари.

**Забелешка:**

1. Такса за упис должно е да плати лице во чија полза се врши испитот. Ако упис бара лице чие право се ограничува, оптоварува, укинува или се пренесува на друго лице, и тоа граѓаните за плаќањето на таксата солидарно со лицето во чија полза се врши уписот.
2. Такса се плаќа и ако уписот се врши во службена должност, ако не се работи за упис што е ослободен од такса (забелешка 8 кон овој тар. број).
3. Ако врз основа на една молба се запишуваат повеќе права во полза на едно исто лице кај ист суд, такса се плаќа според вкупната вредност на овие права по моментот на запишувањето.
4. Кога се запишуваат барачки, такса се одмерува според износот на барачката со сите споредни побарувања (интерес, стасани трошоци и др.) сметајќи го интересот до денот на предавањето на молбата за упис, ако е назначен износот на овие побарувања или процентот од главницата.
5. Таксата за упис се плаќа и кога уписот се врши во текот на процесната, вонпроцесната или извршната постапка.
6. Ако уписот на укнижбата или предбележбата со одлука на повисокиот суд во целост или делумно се укине или се измени, се враќа на барање вкупната платена такса односно нејзиниот сразмерен дел.
7. Таксата за упис според овој тар. број се плаќа со таксата за поднесокот и се лепи на самиот поднесок.

Ако оваа такса не е платена со поднесокот со кој се бара упис, судот по извршениот упис ќе постапи според членот 38 ст. 3 на овој закон.

8. Не се плаќа такса на следните уписи:

1) за упис на оправдувањето на предбележбата,

2) за потполно или делумно бришење на некое запишано право.

3) За службени дејства во постапката за уредување, основање и исправање на интабулациони односно заставни книги, освен ако грешката настанала по вина на титуларот на правото, како и за усогласување на интабулациони односно заставни книги со фактичката положба. Во овие постапки ослободувањето се однесува на сите поднесоци, влошки и прилози, молби за издавање на катастарски планови и поседовни листови, разни уверенија и заверување на преписи.

Ова ослободување важи и за постапката за обновување на уништени интабулациони односно заставни книги ако со веродостојна исправа се утврди дека уписот отпорано бил спроведен и дека, според тоа, била платена таксата на тој упис.

4) За повторен упис на исто, макар делумно и изгаснато право поради процесна или извршна постапка во полза на исто лице. Ако вредноста на повторно запишаното право е поголема, на вишокот на вредноста се плаќа пропишаната такса.

5) За упис на исто право, макар делумно и изгаснато на повеќе недвижности што се водат по книгите на еден суд или повеќе судови; за пренос на исто право од една недвижност на други недвижности на ист сопственик; за ограничување или стеснување на исто право на еден дел на иста подвижност; за проширување на исто право и врз други недвижности на ист сопственик; за проширување на заедничка гаранција врз одделни интабулациони односно заставни тела. Ова ослободување важи само ако не настапиле промени во поглед на обемот на правото или на овластеното лице.

6) За спроведување на делба на правото на сопственост или на правото на службеност на продолжување, ако делбениците биле запишани како сопственици на тие права. Ова ослободување важи во случај на делба на фамилијарни (куќни) задруги на задругарите, ако во интабулациони односно заставни книги задругата била запишана како сопственик.

7) За упис врз основа на решение за наследување,

8) За упис на заложно право врз недвижности на гарантот ако тоа право е веќе запишано и врз недвижностите на главниот должник ако за тој упис е платена такса.

9) За сите уписи во полза на општественополитичките заедници.

10) За забелешка на привремена управа определена во текот на постапката на присилната јавна продажба, како и за забелешка на присилна управна определена наместо присилна јавна положба.

11) За дополнителен упис на сопственост на брачни другари врз основа на судска одлука, ако еден од брачните другари е запишан како сопственик во интабулационите односно заставните книги, како и за упис со кој се означува идеален дел на секој брачен другар врз недвижности што се во нивна сопственост.

12) За упис на правото на сопственост на бивши кметски селишта. Ова ослободување важи само за оние лица и нивните наследници кои односното земјиште го држеле пред разрешувањето на кметските односи, а не и за лица што се здобиле со земјиште со купување, се однесува на сите поднесоци, исправи и документи што се прибавуваат заради докажување на правото на сопственост на односното земјиште.

13) За сите уписи во интабулационите односно заставните книги во полза на граѓани врз основа на Законот за аграрната реформа и колонизација, Законот за селскостопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот, Законот за национализација на наемните згради и градежното земјиште и Уредбата за постапката при спроведувањето на национализацијата на наемните згради и градежното земјиште.

14) За сите уписи во полза на граѓани во врска со размената на земјиште, со цел за арондација како и врз основа на Законот за експропријација.

15) За упис на заложно право на новчаните заводи или на работните организации за заеми на работниците за изградба, адаптација или купување на станови.

9. Ослободување од точка 4, 5 и 6 од Забелешката 8 важи само ако е платена таксата за првиот упис.

Тарифен бр. 26

1) За упис на интабулацијата, надинтабулација, прибелешка или застав, се плаќа од вредноста од правото 2%.

2) За упис на забелешка на присилна управа и на дозвола на присилна продажба, ако за иста барачка веќе не е запишана интабулација (заложно право) на недвижноста која е предмет на присилна управа или продажба, се плаќа од вредноста на поверителовото барање 1%.

Вака платена такса се засметува во таксата што треба да се плати за дополнителен упис на интабулација (заложно право) поради иста баранчка — ако таков упис се побара пред бришењето на односната забелешка.

3) За упис на другите забелешки што според важечките прописи можат да се запишат во интабулационите односно заставните книги се плаќа 15 динари.

4) За пропуштање на интабулација или застава се плаќа 15 динари.

**Забелешка:**

Забелешката кон тар. бр. 25 согласно ќе се применува и кон овој тар. број.

**2. Упис во таписки книги.**

Тарифен број 27

1) За поднесок со кој се бара пренос на тапија, се плаќа таксата од ставот 1 на тар. број 25.

2) За поднесок со кој се бара упис или бришење на носителот на правото на користење или правото на користење врз општествен имот, се плаќа 10 динари.

Тарифен број 28

1) За упис на потврдена тапија во книгата на тапии, како и за упис на правото на сопственост по пат на пренос на тапија врз ист или врз нов сопственик, се плаќа од вредноста 2%.

2) За упис на потврдена тапија во книгата на тапии како и за упис на правото на сопственост по пат на пренос на тапија врз ист или нов сопственик, ако основа за здобивање врз основа на кој треба да се изврши упис е договор за подарок, се плаќа од вредноста 1%.

3) За упис на здобивање на други стварни права (стварна службеност, продолжување или на нив слични права) — се плаќа:

1) Ако предметот на правото е проценлив, од вредноста 2%.

2) Ако предметот на правото не е проценлив, се плаќа 10 динари.

3) За упис на носителот на правото на користење или на правото на користење врз општествен имот, како и за другите уписи во книгите на тапиите, се плаќа 50 динари.

**Забелешка:**

1. Кога сопственикот на недвижноста што е веќе запишана во книгата на тапиите бара од судот еден дел од недвижноста да се издвои и за издвоениот дел да му се издаде посебна тапија, покрај таксата за поднесокот се плаќа уште 1% од вредноста на делот што се издвојува. Но ако судот на купувачот му издава нова тапија а старата (оригиналната) ја намалува за продадениот дел, се плаќа такса и за поднесокот, од ставот 1 на тар. број 27 и такса за упис на преносот од ставот 1 на овој тар. број.

2. Не се плаќа такса:

1) За дејства во постапката околу издавањето на тапии во краиштата каде што нема земјишни книги. Во оваа постапка ослободувањето се однесува на сите поднесоци, барања, прилози, молби за издавање на катастарски планови и поседовни листови, разни уверенија, заверување на преписи и потврди на тапии;

2) За дејства во постапката за обновување на уништени таписки книги, ако со веродостојна исправа се утврди дека уписот порано бил спроведен и дека, според тоа била платена такса за тој упис.

3) Забелешките кон Тар. број 25 согласно ќе се применуваат и кон овој Тар. број.

## IV. ТАКСИ ВО ПОСТАПКАТА НА СТЕЧАЈ НАД ИМОТОТ НА ИМАТЕЛИ НА ДУЌАНИ И ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРИСИЛНО ПОРАМНУВАЊЕ

**1. Поднесоци**

Тарифен број 29

1. За предлог да се отвори постапка за присилно порамнување помеѓу имателот на дуќани и нивните повериители се плаќа 10 динари.

2. За предлог да се отвори стечај над имотот на имател на дуќан се плаќа 10 динари.

3. За пријава на повериителите во постапката на стечајот се плаќа според вредноста на побарувањето:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до | 50 | дин. | вредност | 5 |
| над | 50 | „ | 250 | „ | „ | 10 |
| „ | 250 | „ | 1000 | „ | „ | 15 |
| „ | 1000 | „ | 5000 | „ | „ | 20 |
| „ | 5000 | „ | | “ | „ | 25 |

4. За пријава на повериителите во постапката на присилно порамнување се плаќа половина од таксата од претходниот став, но не помалку од 5 динари.

5. За жалба против одлука на стечајниот совет во стечајната постапка односно советот на порамнувањето во постапката за присилно порамнување се плаќа 50 динари.

**Забелешка:**

1. Како основа за плаќање такса на пријави на повериители се зема износот на барачката што ја пријавува повериителот.

Притоа ќе се зема дека обусловената барачка не е обусловена. Ако еден повериител пријави повеќе барачки, таксата се плаќа според висината на намалената барачка од моментот на намалувањето.

2. Такса не се плаќа:

а) за поднесоци на стечајниот управник;

б) за поднесоци што не се означени во овој Тар. број и за прилози кон поднесоците;

3) Такса по овој Тар. број и тар. број 9 се плаќа и во постапката на стечај над установа и во постапката за присилно порамнување меѓу установата и нејзините повериители.

**2. Паушална такса**

Тарифен број 30

Паушална такса се плаќа:

1) Во стечајната постапка и во постапката за присилно порамнување во текот на стечајот од вкупните износи што се употребени или стојат на располагање за подмирување на долговите на стечајната маса 2%.

2) Во постапката за присилно порамнување од вкупните износи за кои е постигнато порамнување 1%.

**Забелешка:**

1. Паушалната такса се смета како долг на стечајната маса. Оваа такса должен е да ја положи стечајниот управник по правосилноста на одлуката за главната делба.

2. Ако е преземена санација на претпријатието во текот на стечајната постапка, се плаќа половина од паушалната такса од овој тар. број. Оваа такса е должен да ја пресмета и положи присилниот управник ако е формирана присилна управа. Ако не е формирана присилна управа, таксата е должно да ја плати самото претпријатие за кое е преземена санацијата. Оваа такса се плаќа според гарантираниот износ на санаторот.

3. Паушална такса за присилно порамнување плаќа претпријатието односно иммателот на дуќан во чија полза е одобрено порамнувањето.

4. Паушалната такса според овој тар. број се плаќа во рок од 15 дена од денот на доставувањето на налогот за плаќање на таксата во смисла на членот 38 став 3 од овој закон.

## V. КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПО ПРИВАТНА ТУЖБА

### 1. Поднесоци

Тарифен број 31

1. За приватна тужба и за противтужба се плаќа 10 динари.

2. За предлог за враќање во поранешна состојба се плаќа 10 динари.

3. За барање за повторување на кривична постапка се плаќа 20 динари.

**Забелешка:**

1. Ако кривичната постапка се води заеднички (член 31 од Законикот за кривичната постапка), нема влијание врз таксата тоа што еден поднесок се однесува на повеќе приватни тужители или на повеќе обвинети, кои што поднесокот го поднесуваат повеќе приватни тужители или повеќе обвинети, или што поднесокот опфаќа повеќе кривични дела на еден обвинет.

2. За поднесок со кој кривичната постапка се проширува на други кривични дела на ист обвинет, за кој се гони по приватна тужба, се плаќа такса според ставот 1 на овој тар. број.

3. За поднесоци што не се наведени во овој тар. број како и за прилозите кај поднесоците, не се плаќа такса.

### 2. Одлука

Тарифен број 32

За пресуда на суд од прв степен и за решение со кое се изрекува судска опомена се плаќа 20 динари.

**Забелешка:**

1. Такса за првостепена пресуда се плаќа само еднаш без оглед на бројот на приватните тужители и на бројот на кривичните дела што се опфатени со една пресуда.

2. Ако за повеќе кривични дела на едно исто лице поради раздвојување на постапката (чл. 32 од Законот за кривичната постапка) се донесени пресуди од страна на ист суд, се плаќа такса за пресуда само еднаш.

3. Ако со пресуда е одбиена тужбата поради ненадлежност на судот, платената такса за оваа пресуда ќе се засмета во таксата за пресудата на надлежниот суд. Но ако таксата која се засметува е поголема, вишокот нема да се враќа. Ако пресудата поради жалба, предлог за враќање во поранешна состојба или за повторување на кривичната постапка се укине, таксата платена за укинатата пресуда ќе се засмета во таксата за новата првостепена пресуда.

4. За првостепени одлуки што не се наведени во овој тар. број и за одлуки на судот од втор степен се плаќа такса.

## VI. ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

### 1. Судски уверенија и потврди

Тарифен број 33

1. За поднесок со кој се бара издавање уверенија се плаќа 1 динар.

2. За уверение се плаќа 5 динари.

**Забелешка:**

1. Ако со едно уверение се посведочуваат повеќе факти, особени односи или околности се плаќа една такса.

2. За потврда дека таксата е платена издадена во форма на уверение се плаќа такса според тар. број. Не се плаќа никаква такса ако се издава само признаница за платената такса.

3. Не се плаќа такса од овој тар. број за потврди што ги издава судот на странката, сведокот, вештакот или толкувачот дека присуствувале на рочиштето, ако тие биле должни да присуствуваат иако таа потврда им служи исклучиво заради оправдување на изостанокот од служба или работа.

4. За потврда на правосилност или извршност која се става на судски отправок не се плаќа такса.

5. На такса од ставот 1 на овој тар. број подлежат и телефонските поднесоци како и секој дополнителен поднесок со кој се дополнува или се менува првобитниот поднесок.

6. Такса за уверение се лепи на самиот поднесок со кој се бара издавање на уверение.

7. Ако уверението се издава во два или повеќе примероци за вториот и секој понатамошен примерок се плаќа такса како за заверка на препис (тар. број 24 став 4 — 2,50 динари (досегашно 1 динар).

8. За поднесок со кој се бара издавање на уверение заради остварување право од здравствено, инвалидско или пензиско осигурување како и за самото уверение, не се плаќа такса по овој тар број.

### 2. Полномошно

Тарифен број 34

1. За издавање на усно полномошно на записник пред суд се плаќа 3 динари.

2. За усно отповикување или отказ на полномошно пред суд се плаќа 2 динари.

3. За судско известување за отповик или отказ на полномошно се плаќа 3 динари.

**Забелешка:**

1. Ако повеќе лица овластени за потпишување на правно лице му издаваат полномошно на еден застапник, се плаќа такса за едно полномошно.

2. Не се плаќа такса за писмено полномошно што му се поднесува незаверено на судот за доказ на застапување.

3. Не се плаќа такса од овој тар. број за издавање на усно полномошно на застапник пред судот во кривичната постапка за дела за кои се гони по службена должност и во постапка по стопански престапи.

4. Таксата според овој тар. број се лепи на судскиот записник.

5. За издавање на усно полномошно според ставот 1 на овој тар. број, се плаќа една такса и кога повеќе лица истовремено му издаваат полномошно на едно лице или на поголем број лица.

### 3. Разгледување на списи

Тарифен број 35

За разгледување на судски списи се плаќа 3 динари.

Забелешка:

1. Не се плаќа такса за разгледување на списи по кои постапката е во тек, ако списите ги разгледува странка или нејзин застапник, односно полномошник.

3. Оваа такса се лепи на самиот список кој се разгледува а судскиот службеник потврдува дека списокот е разгледан.

3. За писмено или усно барање да се дозволи разгледување на списи, не се плаќа такса.

### 4. Преписи

Тарифен број 36

1. За препишување на судски акти, како и за препишување и на акти од збирка на исправи, што ги извршил судот по барање од странката, се плаќа од полутабак на оригиналот 4 динари.

2. Ако истовремено судскиот препис се оверува се плаќа 3 динари.

Забелешка:

1. За писмено или усно барање да се изврши препишување се плаќа такса според ставот 1 на тар. број 24.

2. Такса за препис се лепи на самата молба со која е барано препишување, а во случај на усна молба — на списот. На ист начин се постапува и во однос на лепењето на таксата за самата молба.

3. Забелешката 9 кон. тар. број 4 важи и за овој тар. број.

4. Ако препишувањето се врши на странски јазик, таксата од овој тар. број се зголемува за 50%.

5. За препис на расправниот записник кој е изготвен истовремено со составувањето на самиот изворник (со индиго) се плаќа половина од таксата од ставот 1 на овој Тар. број.

### 5. Изводи од јавни книги

Тарифен број 37

За изводи од земјишните книги или од други јавни книги што ги водат судовите, ако се издаваат на барање од странката, се плаќа од полутабак 4 динари.

Забелешка:

1. Кога изводот го составила самата странка и му го поднела на судот на потврда, се плаќа половина од таксата од овој тар. број.

2. За писмено и усно барање на странката да ѝ се издаде извод не се плаќа такса.

3. За изводи од земјишни и други јавни книги за недвижности што се издаваат на странките за остварување правото на додаток на деца или заради остварување правото од здравствено-инвалидско или пензионо осигурување не се плаќа такса по овој тар. број.

### 6. Судски депозит

Тарифен број 38

За чување (депозит) на пари, предмети и хартии од вредност по барање од странката се плаќа годишно 0,5% од таксата.

Забелешка:

1. Оваа такса не се плаќа на депозит што се полага по барање од државни органи, ако се подигне во рокот.

Такса се плаќа за првата година однапред, а за другите години при подигањето на депозитот. Започнатата година се смета како цела. Во случај на пренос на депозитот од еден во друг суд, а по барање од депонентот за пренос се плаќа износ на едногодишна такса.

3. Ако вредноста на предметите не може да се процени според нивната приредба, ќе се изврши проценка од страна на вештаци на трошок на депонентот.

### 7. Протести

Тарифен број 39

1. За молба (усна или писмена) за протест на меница, чек (и други исправи или договори) поради неакцептирање, неисплати или неисполнување, се плаќа 2 динари.

2. За протест се плаќа според вредноста и тоа:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | до | 500 | дин. | 5 |
| над | 500 | „ | 1000 | дин. | 10 |
| „ | 1000 | „ | 5000 | „ | 15 |
| „ | 5000 | „ | | „ | 20 |

Забелешка:

1. Такса од овој тар. број се плаќа на протести што се поднесуваат според прописите за меницата и чекот, како и за замени на протести. Такса за протест се лепи на самата молба со која е баран протест, а во случај на усна молба — на преписот на протестот што останува кај судот. На ист начин се постапува во однос на лепењето на таксата за самата молба.

2. Ако со една молба се бараат повеќе протести. односно замена на протести, се плаќа една такса со молбата, но и во тој случај се плаќа посебна такса за секој протест односно замена на протестот.

### 8. Правна помош

Тарифен број 40

1. За поднесок кој се предава усно на записник пред судот се плаќа такса предвидена во Тарифата за односниот поднесок.

2. За составување пред судот договор во земјищнокнижните интабулационите или таписките работи, се плаќа:

1. Според вредноста:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | до | 500 | дин. | 10 |
| над | 500 | „ | 1500 | „ | 20 |
| „ | 1500 | „ | 2500 | „ | 30 |

На вишокот над 2500 дин. 1%, а најмногу 200.

2) Ако вредноста на договорот е непроценлива 10 динари.

Забелешка:

1) Покрај таксата под ставот 2 на овој тар. број се плаќа и такса за односниот поднесок, како и такса за упис во земјишната книга односно во интабулационите или таписките книги, ако истовремено со составувањето на договорот се бара и упис.

2. При составувањето на договорот според ставот 2 на овој тар. број не се плаќа и такса за заверка на потписите според тар. број 24.

3. За ставот 2 точка 1 на овој тар. број важи забелешката 10 кон тар. број 24.

### 9. Други предмети

Тарифен број 41

1. За предлог на странката судот да постави судија или претседател на избраниот суд (чл. 441 ст. 1 и 2 од Законот за процесната постапка) се плаќа 10 динари.

2. За предлог за изземање на судија на избраниот суд (чл. 443 од Законот за процесната постапка) се плаќа 10 динари.

3. За ставање потврда за правосилност и извршност на пресуда на избраниот суд се плаќа 30 динари.

Забелешка:

Не се плаќа такса од ставот 1 на овој тар. број ако предлогот за поставување претседател на избраниот суд го поднел избран судија (чл. 441 ст. 2 од Законот за процесната постапка).

Тарифен број 42

За опомена со која некој се повикува да плати такса што бил должен да ја плати и без опомена се плаќа 3 динари.

**54.**

Врз основа на член 36 од Законот за финансирање на општествено-политичките заедници во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 9/65), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Соборот на работните заедници и Општинскиот собор, одржана на 18-VII-1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ЗА 1969 ГОДИНА

Член 1

Во посебниот дел на Одлуката на буџетот на општината Кавадарци бр. 01-7299 од 30-XII-1968 во раздел 1 позиција 32-07-2-1 средства за редовна дејност на Органот на управата — наместо сегашните 2.046.000 нови динари треба да стојат 1.831.100 нови динари а се додава нов раздел 6 со позиција 58-07-2-1 средства за редовна дејност на Одделението за приходи при Собранието на општината Кавадарци во износ од 214.900 н. д.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ а ќе се применува од 1-VII-1969 година.

Број 01-3621
18-VII-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**55.**

Врз основа на член 45 од Основниот закон за административните такси („Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/65) и членовите 51 и 247 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 18-VII-1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОВИЗИЈА ОД МАЛОПРОДАЖБАТА НА ТАКСЕНИТЕ ВРЕДНОСНИЦИ

Член 1

На трговските претпријатија што вршат промет на малопродажба на таксените вредносници на подрачјето на општината Кавадарци, им се определува 10% на име провизија од вредноста на продадените таксени вредносници.

Провизијата од претходниот став ќе се пресметува на извршениот промет на мало на таксените вредносници од 19-VII-1969 година.

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 01-7844 од 19-XI-1966 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 01-3622
18-VII-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**56.**

Врз основа на членот 13 став 3 од Законот за формирање и општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 12/67) и членот 62 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 18-VII-1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА БРАШНОТО И ЛЕБОТ

Член 1

Во одлуката за одредување највисоки малопродажни цени на брашното и лебот („Службен гласник на општината Кавадарци“, бр. 4/65) насловот на одлуката се менува и гласи:

„Одлука за определување нивото за формирањето на малопродажните цени на брашното и лебот“.

Член 2

Во членот 1 став 1 на крајот од точката „в“ се става точка и запирка и потоа се додава нова алинеа која гласи:

„Полу-бел леб — капаклија произведен од пченично брашно од група „Б“ тип 600 до 1,60 динари за 900 грама.“

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 01-3620
18-VII-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**57.**

Врз основа на членот 26 став 2 од Законот за уредување и користење на градежното земјиште („Службен весник на СРМ“, бр. 26/68), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 18-VII-1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Одлуката за уредување и користење на градежно земјиште бр. 1-305 од 20-I-1969 година („Службен весник на СРМ“, бр. 6/69) во членот 7 алинеа 5 се брише.

Понатамошниот текст на членот 7 се издвојува во нов член 7-а кој гласи:

„Опремувањето на градежното земјиште опфаќа:

— изградба на објекти и инсталации за заедничко комунално користење (улици, пристапи, плоштади и паркинг-плацеви; воведување на јавно осветление; посебни уреди и инсталации за одводување на атмосферската вода од населбата; јавни засолништа; слободни зелени површини и детски игралишта);

— изградба на објекти и инсталации за индивидуално комунално користење (комунални објекти и инсталации за водовод и канализација, за електрична и топлинска мрежа; за превоз на патници во сообраќајот; за поштенско-телеграфска-телефонска мрежа и бункерите за отпадоци).

Член 2

Во членот 18 став 1 алинеа 2 „уредувањето“ се заменува со зборот „подготвувањето“.

Член 3

Во членот 22 став 1 точката 3 се менува и гласи:

„3 даде на користење неуредно земјиште спротивно на членот 15 став 2 од оваа одлука“.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 01-3625
18-VII-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**58.**

Врз основа на член 247 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 18-VII-1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДРЖУВАЊЕ ТУРИСТИЧКА МАНИФЕСТАЦИЈА „ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР“

Член 1

За одбележување денот на отпочнувањето на гроздоберот, општината Кавадарци секоја година во Кавадарци организира туристичка манифестација „Тиквешки Гроздобер“, како манифестација посветена на основната стопанска дејност на Тиквешијата.

Член 2

Туристичката манифестација „Тиквешки Гроздобер“ се одржува секоја година од 7 до 14 септември.

Член 3

Во времето на одржувањето на туристичката манифестација „Тиквешки Гроздобер“ ќе се приредуваат: симпозиуми, карневал, гроздоберска вечер, панаѓур и слично.

Член 4

За организирање и спроведување на „Тиквешкиот Гроздобер“ Собранието на општината Кавадарци именува одбор од 7 члена со мандат од 4 години.

Член 5

Со стапувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат: одлуката за определување денот на одржувањето на туристичката манифестација „Тиквешки Гроздобер“ бр. 01-5645 од 31-VII-1965 година и став 1 од член 26 од одлуката за редот и работењето на градските пазари бр. 01-1992 од 25-III-1969 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 01-3628
18-VII-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**59.**

Врз основа на член 87 став 2 во составот на член 66 од Законот за измени и дополненија на Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/65) и член 94 од Уставот на СРМ („Службен весник на СРМ“, бр. 15/63), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 18-VII-1969 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАТА НА ДОДАТЕН ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1969 ГОДИНА

I. Се дава согласност на одлуката за определување на стопата на додатен придонес за здравственото осигурување на работниците за 1969 година бр. 633 од 12-IV-1969 година на Собранието на комуналната заедница за социјално осигурување на работниците во Кавадарци.

II. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 01-3637
18-VII-1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината
Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 417, страна 546, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Кирил и Методија“ — Скопје, Ивановска Ана, ѝ престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешена од должност.

За нови потписници на Основното училиште „Кирил и Методија“ — Скопје се назначени следните лица: Манаковиќ Маргарета, директор, и Гоџоска Цветанка, секретар, сметано од 10. IV. 1969 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 41 од 10. IV. 1969 година. (619)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 25. IV. 1969 година, рег. бр. 69/65, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Дамчески Благоја, досегашен директор на Основното училиште „Гоце Делчев“ од с. Канатларци.

Се овластува Чагороски Ристо Раде, директор, да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус бр./69. (507)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 615, страна 565, книга III е запишано следното: Дејноста на Заводот за запослување на работници — Кичево, согласно со одлуката на советот на работната заедница од одржаната седница на 9 .XI. 1968 година и решението бр. 02-6257/1 од 27. XII. 1967 година на Собранието на општината Кичево се проширува и со: стручно образование, оспособување и преквалификација на младинци и возрасни, незапослени, за занимањата од металска струка; преку практична настава и производна работа ќе обавува металопреработувачка дејност, ќе врши услуги и на трети лица и тоа: браварски, машино-браварски, водоинсталатерски, автомеханичарски, лимарски и металостругарски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 45 од 26. V. 1969 година. (617)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. XI. 1968 година, страна 117, реден број 4 е запишано ставањето под присилна управа на Занаетчиското претпријатие за откуп, преработка на ситна кожа, крзно, кожна конфекција и кожна галантерија „Методи Митевски-Брицо“ од Делчево.

Присилната управа ќе трае од 1. XI. 1968 год. до 1. X. 1969 година.

За присилен управник е наименуван Љубен Манчев.

Впишувањето на присилната управа на претпријатието е извршено во регистарот, врз основа на решението бр. 0105-2573/1 од 18. X. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 516/68. (152)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. X. 1968 година, страна 315, реден број 7 е запишана промената на досегашниот директор на Трговското претпријатие, на големо и мало „Илинден“ од Виница, Драги Жиков Волчев, на чие место за директор е назначен Благој Спиров Бојацриски.

Промената на директорот на Трговското претпријатие, на големо и мало — „Илинден“ од Виница е запишана во регистарот врз основа на решението бр. 1075 од 25. IX. 1968 година на работничкиот совет на истото.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 464/68. (160)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. X. 1968 година, страна 289, реден број 5 е запишана промената на досегашниот директор на Заводот за осигурување на имоти и лица „Македонија“ — Скопје — Филијала — Пробиштип, Јанко Миновски. За директор е именуван Владимир Стојановски.

Промената на директорот на Филијалата е извршена во регистарот врз основа на решението бр. 855/2 од 30. IX. 1968 година на работничкиот совет на Филијалата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 458/68. (174)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. X. 1968 година, страна 316, реден број 6 е запишана промената на досегашниот директор на „Југо тутун“ — здружено претпријатие — Скопје, Организација во состав за производство, обработка на тутун и промет со земјоделски производи од Кочани, Андон Глигоров Стаменков, на чие место за директор е назначен Георги Николов Наумов, кој е овластен да ја претставува и потпишува организацијата.

Промената на директорот на организацијата е запишана во регистарот, врз основа на одлуката бр. 675 од 25. IX. 1968 година, на работничкиот совет на организацијата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 455/68. (175)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. IX. 1968 година, страна 224, реден број 2 е запишано бришењето на работничко-службеничкиот ресторан од Спанчево на Градежното претпријатие „Новоградња“ од Врање.

Престанокот со работата на работничко-службеничкиот ресторан од Спанчево, на Градежното претпријатие „Новоградња“ од Врање“, е запишан во регистарот, врз основа на одлуката бр. 3404/1 од 18. VII. 1968 година, на работничкиот совет и управниот одбор на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 391/68. (173)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. XI. 1968 година, страна 142, реден број 5 е запишана промената на улицата на Продавницата за намештај „Треска“ од Кочани, на Дрвната индустрија „Треска“ од Скопје, на ул. „Димитар Влахов“ кај кулата — Кочани.

Промената на седиштето, односно на улицата на Продавницата е запишана во регистарот, врз основа на барањето бр. 03-22394 од 9. X. 1968 година, на Собранието на општината — Кочани.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 476/68. (180)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. IX. 1968 година, страна 142, реден број 4 е запишано проширувањето на дејноста на Продавницата за намештај „Треска“ од Кочани, која покрај досегашните дејности, ќе обавува и продажба на мало на производи-кооперанти, електрични апарати за домаќинство, ќилими, теписи, платно за декор на станот, музички апарати, постелина, машини за шиење, детски колички и друго.

Проширувањето на дејноста на Продавницата за намештај „Треска“ од Кочани е запишано во регистарот врз основа на одлуката бр. 17395 од 7. VIII. 1968 година, на работничкиот совет на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 435/68. (179)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. IX. 1968 година, страна 252, реден број 2 е запишано проширувањето на дејноста на Продавницата за намештај „Треска“ од Виница, која покрај досегашните дејности, ќе обавува и продажба на мало на производи на кооперанти, електрични апа-

рати за домаќинство, ќилими, теписи, платно за декор на станот, музички апарати, постелина, машини за шиење, детски колички и сл.

Проширувањето на дејноста на Продавницата е запишано во регистарот врз основа на одлуката бр. 17395 од 7. VIII. 1968 година, на работничкиот совет на дрвната индустрија „Треска“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 440/68. (181)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. IX. 1968 година, страна 232, реден број 2 е запишана промената на раководителот на Продавницата за конфекција „Герас Цунев“ од Кочани, Андон Гушков. За раководител е наименувана Голуба Димитрова, која нема право да ја потпишува истата.

Промената на раководителот на Продавницата за конфекција „Герас Цунев“ од Кочани е запишана во регистарот врз основа на поднесената пријава бр. 01-1719/1 од 31. VIII. 1968 година, од страна на директорот на Конфекцијата „Герас Цунев“ од Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 433/38. (182)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 16. IX. 1968 година, страна 50, реден број 4 е запишано ставањето под присилна управа на Фабриката за тули и ќерамиди „Брегалница“ од с. Кучичино, Кочанско.

За присилен управник е именуван Михајло Јовановски.

Ставањето под присилна управа на Фабриката е извршено во регистарот, врз основа на решението бр. 01-5909/1 од 6. IX. 1968 година, на Собранието на општината Кочани.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 439/68. (184)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, страна 17, реден број 3 е запишана промената на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ од Кочани, која ќе се вика: Откупна станица за откуп на лековити растенија и земјоделски производи „Алкалоид“ — Кочани.

Промената на фирмата на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид-билка од Кочани, на Индустријата за фармацевтско-хемиски производи и лековити растенија од Скопје е запишана во регистарот, врз основа на одлуката бр. 03-3369 од 22. VII. 1968 година, на работничкиот совет на истата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 394/68. (185)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, страна 215, реден број 3 е запишана промена на фирмата на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ од Виница, која ќе се вика: Откупна станица за откуп на лековити растенија и земјоделски производи „Алкалоид“ — Виница.

Промената на фирмата на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ од Виница, на Индустријата за Фармацевтско-хемиски производи и лековити растенија од Скопје е запишана во регистарот врз основа на одлуката бр. 03-3369 од 22. VII. 1968 година, на работничкиот совет.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 419/68.

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. XI. 1968 година, страна 322, реден број 11 е запишано бришењето на Угостителската дејност од регистарот на Трговското претпријатие на големо и мало „Илинден“ од Виница.

Бришењето од регистарот на угостителската дејност на претпријатието е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 787 од 30. VII. 1968 година, на работниот совет на истото.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 530/68. (187)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, страна 255, реден број 9 е запишано укинувањето на присилната управа на Услужниот производен комбинат „Техносервис“ од Кочани и истиот поминува во редовно работење.

Укинувањето на присилната управа на Услужниот производен комбинат „Техносервис“ од Кочани е запишано во регистарот, врз основа на решението бр. 01-5829/1 од 6. IX. 1968 година, на Собранието на општината Кочани.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 427/68. (188)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27. IX. 1968 година, страна 13, реден број 4 е запишан престанокот на Услужниот производен комбинат „Техносервис“ од Кочани, бидејќи се присоединува кон Претпријатето за јавен авто-транспорт и шпедиција од Кочани, со сите права и обврски.

Присоединувањето е запишано во регистарот, врз основа на одлуката бр. 01-2899 од 20. IX. 1968 година, на работничкиот совет на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 448/68. (189)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. XI. 1968 година, страна 13, реден број 5 е запишано проширувањето на дејноста на Претпријатието за јавен автотранспорт и шпедиција од Кочани, со тоа што ќе обавува и промет со нафта и нафтени деривати, мазива, масла порафински масла, битуменски и други производи од нафта, градежни и огревни материјали.

Промената на дејноста е запишана во регистарот, врз основа на уверението бр. 03-7343 од 25. XI. 1968 година, на Собранието на општината Кочани.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр 512/68. (190)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. XII. 1968 година, страна 235, реден број 17 е запишан престанокот на работничко-службеничкиот ресторан при Рудници за олово и цинк „Злетово“ од Пробиштап.

Престанокот на Работничко-службеничкиот ресторан при Рудници за олово и цинк „Злетово“ од Пробиштип е запишан во регистарот врз основа на одлуката од 23. VIII. 1968 година, на работничкиот совет на ресторанот.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 497/68. (192)

# КОНКУРСИ

Советот на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје

распишува

## КОНКУРС

за избор на еден наставник во сите звања по предметот ЗЕМЈОДЕЛСКА ЕНТОМОЛОГИЈА

Кандидатите кои се пријавуваат треба да ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото школство на СР Македонија.

Рок за пријавување е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Пријавите се поднесуваат до Деканатот на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје.

Кон пријавата кандидатот треба да приложи диплома, куса биографија, список на стручни и научни трудови и по еден примерок од самите трудови.

Пријавата, кусата биографија и списокот на научните и стручните трудови се поднесуваат во по три примероци.

ОД СОВЕТОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ. (938)

---

Колективниот самоуправен орган на Централното основно училиште „Братство“ во Тафталиџе II во Скопје, распишува

## ОГЛАС

за прием на наставен кадар на ОПРЕДЕЛЕНО време за работа во ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА УЧЕНИЦИ и тоа:

1. три оддел. наставници за работа со ученици од I—IV одделение на македонски наставен јазик;
2. еден оддел. наставник за работа со ученици од I—IV одделение на албански наставен јазик;
3. еден наставник по физика — хемија;
4. еден наставник по англиски јазик;
5. еден наставник по македонски и српскохрватски јазик;
6. еден наставник по математика;
7. еден наставник по албански јазик со дополна на други предмети;
8. еден наставник по предметот македонски јазик во редовната настава (5 часа) седмично-неполно работно време.

Покрај наведените предмети под точка 3, 4, 5, 6 и 7 наставниците ќе им помагаат на учениците и по други предмети предвидени по наставниот план и програм од предметна настава.

Наставниот персонал се прима на определено работно време од 1-X-1969 до 31 август 1970 година.

**Услови:**

Покрај општите услови од Законот за работни односи, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните услови:

— за работните места под точка 1 и 2 да имаат завршено учителска школа;

— за работните места под точка 3, 4, 5, 6 и 7 да имаат завршено педагошка академија.

Огласот трае 8 дена од денот на објавувањето.

Молбите со потребните документи се доставуваат до Централното училиште „Братство“ во Тафталиџе II — Скопје.

Предност имаат кандидатите кои не се во работен однос.

## СОДРЖИНА

Страна


289. Решение за утврдување престанок на функцијата членови и именување членови на Советот на Електро-машинскиот факултет во Скопје — — — — — — 661

290. Решение за утврдување престанок на функцијата членови и за именување членови на Советот на Институтот за фолклор во Скопје — — — — — — — 661

291. Правилник за определување роковите за полагањето на завршниот испит во гимназијата — — — — — — — — — 661

**Исправка** на Решението за престанување на функцијата на членови и именување на членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството — — — — — — 662

**Дополнување** на Објавата за запишување во регистарот на производители на саден материјал — — — — — — — — 662

**Дополнување** на Објавата за запишување во регистарот на производители на семе 662

**Дополнување** на Објавата за запишување во регистарот на доработувачи на семе 662

**Објава** за бришење од Регистарот на производители на саден материјал — — — 662

**Прописи на општинските собранија**

51. Одлука за придонесот за користење градско земјиште — — — — — — 662

52. Одлука за измена и дополнение на Одлуката за општински придонеси и даноци на граѓаните — — — — — — 663

53 Одлука за општински судски такси — 663
Таксена тарифа — — — — — — 664

54. Одлука за измена и дополнение на Одлуката за буџетот на општината Кавадарци за 1969 година — — — — — 672

55. Одлука за определување провизија од малопродажбата на таксените вредносници — — — — — — — — — 672

56. Одлука за измени и дополнение на Одлуката за одредување највисоки малопродажни цени на брашното и лебот 672

57. Одлука за измени и дополнение на Одлуката за уредување и користење на градежно земјиште — — — — — 672

58. Одлука за одржување туристичка манифестација „Тиквешки Гроздобер“ — — 673

59. Решение за давање согласност на Одлуката за определување на стопата на дополнителен придонес за здравственото осигурување на работниците за 1969 година — 673


**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10а. Пошт. фах. 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат: Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**